Број 1 Година XIV

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, јануари 2020

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Исправка на техничка грешка направена во „Службен гласник бр.24/2019“ од 27 декември 2019 година**

1. Се објавува Исправка за техничка грешка направена во „Службен гласник бр.24/2019“, објавен на 27 декември 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-490/1**
**Датум: 21.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

ИСПРАВКА НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА НАПРАВЕНА ВО „СЛУЖБЕН ГЛАСНИК БР.24/2019“

При проверка на изготвениот и издаден „Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019 година е констатирано дека поради технички проблем се направени следните грешки:

1. „На страница 103 е објавена Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2020 година“ со ПОГРЕШНА содржина“.

По направената исправка на техничка грешка, Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2020 година, со Заклучокот за објава гласат:

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за активностите на Општина Карпош**
**во областа на информатичката технологија за 2020 година**

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2020 година, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/11**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Карпош**
**во областа на информатичката технологија за 2020 година**

Информатичкиот свет е во постојан подем и претставува сервис на општеството без кој едноставно не можеме да функционираме. Општина Карпош е во тек со развојот на информатичката технологија и од година во година се развива со голема брзина користејќи ги алатките на информатичката технологија. Тимот на Општина Карпош е нераскинлив дел од функционирањето на општината, чија главна цел е овозможување на услови за беспрекорна работа на администрацијата и секако носејќи ја општината секогаш на едно високо ниво во комуникацијата со граѓаните со цел поквалитетна и поефикасна услуга. По детална анализа Одделението за информатичко-комуникациска инфраструктура и Одделението за географски информационен систем (ГИС) при Секторот за поддршка на Градоначалникот ја дефинираше Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2020 година.

## I. Развојни приоритети и цели

Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2020 година ќе биде насочена кон повеќе области на делување:

- надградба на постоечките софтвер модули;
- современа надградба и обнова на постоечкиот хардвер и софтвер;
- тековно одржување на софтверот;
- надградба на Геоинформациониот систем;
- развој на повеќе информатички услуги и интеграција со постојните ИТ-системи за да се обезбеди осовременување на работата на администрацијата;
- обезбедување на електронска комуникација со граѓаните.

## II. Проектни активности

| 1. | ОДРЖУВАЊЕ И НАДГРАДБА НА ИТ-СИСТЕМИ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општина Карпош располага со повеќе ИТ-системи кои се неопходни за функционирањето на општината односно услугите кои се нудат на граѓаните.<br>За непречено и современо функционирање на системите потребно е тековно одржување, како и надградба доколку е неопходна. Системи кои се имплементирани во општината и за кои е потребно тековно одржување и надградба се следните:<br>- Електронско архивско и деловодно работење<br>- ГИС (Геоинформационен систем) |
| **Стратешки насоки и цели:** | Со ефективно одржување и надградба на постоечките ИТ-системи квалитетот на услугите кои ги испорачува општинската администрација значително ќе се подобри како квантативно така и квалитативно. |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на услугите кои ги нуди општината |
| **Целна група:** | Вработени во Општината, правни и физички лица кои имаат потреба од услугите на општината. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.200.000,00 денари |

| 2. | НАБАВКИ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА СЕРВЕРИ, ОПЕРАТИВНИ СИСТЕМИ, АНТИВИРУСНИ ДЕФИНИЦИИ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Потреба од соодветни лиценци ќе се утврдува зависно од потребата за нови апликации кои нема да можат да ги искористат веќе постоечките конфигурации. |

| | |
|---|---|
| **Целна група:** | Сите сектори |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 500.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| 3. | ГОДИШНО ОДРЖУВАЊЕ НА СИТЕ ХАРДВЕРСКИ КОМПОНЕНТИ ВО ИТ-СИСТЕМОТ |
| **Опис на активности:** | Ќе се изврши попис и поделба на сите компоненти во групи и ќе се направат отворени договори за одржувања по однос на тие групи. |
| **Целна група:** | Сите вработени кои поседуваат компјутери или други електронски уреди во Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 950.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| 4. | НАБАВКА НА ХАРДВЕР И ХАРДВЕРСКИ КОМПОНЕНТИ ВО ИТ-СИСТЕМОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ |
| **Опис на активности:** | Набавка на хардвер и хардверски компоненти за потребите на вработените во Општина Карпош. |
| **Целна група:** | Сите вработени во Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.700.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| 5. | **Р А З В О Ј Н А М О Б И Л Н А А П Л И К А Ц И Ј А** |
| **О п и с н а** | Р а з в ој н |

| | |
|---|---|
| **активности:** | а апликативен софтвер за потребите на Мој Карпош - моја картичка |
| **Целна група:** | Сите граѓани во Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 350.000,00 денари |

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 4.700.000.00 денари**

**III. Финансирање**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 4.700.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2020 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2019 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

**IV. Завршни одредби**

Одделението за информатичко-комуникациска инфраструктура и Одделението за географски информационен систем (ГИС) при Секторот за поддршка на Градоначалникот со секторите за финансиски прашања и јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од кој било сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број: 09-9170/14**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

**2. Во „Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019 од 27.12.2019 година напревана е техничка грешка во Одлуката за одобрување финансиски средства на заслужен граѓанин“ бр. 09-9170/27, на начин што во истата е ставена 2019 година, а треба да стои 2020 година. По исправка на грешката, Заклучокот за објавување и Одлуката гласат:**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства на заслужен граѓанин**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на заслужен граѓанин, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9398/24**
**Датум: 27.12.2019 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 26 декември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на заслужен граѓанин**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средтсва како помош на заслужниот граѓанин Милорад Луковски.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од половина месечна просечна плата, утврдена на ниво на Република Северна Македонија, за 12 месеци почнувајќи од месец јануари 2020 година, заклучно со месец декември 2020 година.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2020 година и истите ќе се исплаќаат сукцесивно, еднаш во месецот, вкупно 12 месеци, почнувајќи од месец јануари 2020 година, заклучно со месец декември 2020 година.

**Член 4**

Се овчаствува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-9170/27**
**Датум: 26.12.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

3. Во „Службен гласник на Општина Карпош" бр.24/2019 од 27.12.2019 година поради направена грешка е објавена содржина од „Службен гласник на Општина Карпош" бр.23/2019. По исправка на грешката, содржината на „Службен гласник на Општина Карпош" бр.24/2019 гласи:

„С О Д Р Ж И Н А


1. Програма за урбанистичко планирање за 2020 година, со Заклучок за објавување;
2. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетската ефикасност за 2020 година, со Заклучок за објавување;
3. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на развојот на општината за 2020 година, со Заклучок за објавување;
4. Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година, со Заклучок за објавување;
5. Програма за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година, со Заклучок за објавување;
6. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2020 година, со Заклучок за објавување;
7. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2020 година, со Заклучок за објавување;
8. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2020 година, со Заклучок за објавување;
9. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2020 година, со Заклучок за објавување;
10. Програма за активностите во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2020 година, со Заклучок за објавување;
11. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2020 година, со Заклучок за објавување;
12. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на месна самоуправа за 2020 година, со Заклучок за објавување;
13. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2020 година, со Заклучок за објавување;
14. Програма за одбележување на 44 годишнината на Општина Карпош, со Заклучок за објавување;

15. Програмата за активностите на Општина Карпош на Одделението за односи со јавност за 2020 година, со Заклучок за објавување;
16. Буџет на Општина Карпош за 2020 година, со Заклучок за објавување;
17. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, со Заклучок за објавување;
18. Одлука за вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2020 година, со Заклучок за објавување;
19. Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2020 година, со Заклучок за објавување;
20. Буџетски календар за 2020 година, со Заклучок за објавување;
21. Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година, со Заклучок за објавување;
22. Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година, со Заклучок за објавување;
23. Одлука за прифаќање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Влада на Република Северна Македонија, со Заклучок за објавување;
24. Одлука за одобрување на финансиски средства на заслужен граѓанин, со Заклучок за објавување и
25. Одлука за престанок и пренос на правата на сопственост, со Заклучок за објавување.“

Одделение
за поддршка и организација
на работата на Советот
Ивана Ордевска, с.р.

СОДРЖИНА

1. Исправка на техничка грешка направена во „Службен гласник бр.24 од 2019 година

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**